Јавно претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА-ГАС
Бр. 01-239/12
01.07. 2025 год.
Струмица

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/2014,199/2014 ,48/2015, 5/2016, 27/16 ,142/2016 и 11/2018 и Службен весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) како и согласно член 38 од Статутот на ЈПЕД Струмица-Гас Струмица со бр.01-489/1 од 14.11.2022 год., а имајќи го во предвид Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 227/2025 со архивски број 10-926/7 од 27.06.2025 год, Директорот на ден 01.07.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за неизбор на кандидати по објавен јавен оглас 227/2025**
**за вработување на неопределено време**

1. **Не се врши** избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас 227/2025 за работното место КДР 0102В01067 Советник за административно правни работи и управување со човекови ресурси, Одделение за стручно административни и општи работи, Административно стручна служба.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Образложение**

По барање на ЈПЕД Струмица-Гас Струмица, Агенцијата за администрација на ден 09.05.2025 објави оглас бр. 227/2025 на својата интернет страна и во дневните весници ,,Слободен печат", ,,Вечер" и ,,Коха" за потребата за вработување на административен службеник на работното место од точка 1 на оваа Одлука.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на Агенција за администрација бр.10-926/3 од 15.05.2025 год., формирана е Комисија која ги спроведе сите фази од постапката за вработување на административен службеник.

Првата фаза беше спроведена на ден 26.05.2025 во 10: 00 часот каде е констатирано дека има пријавено вкупно 3 кандидати од кои еден е со уредна документација а другите два со неуредна документација. Од вкупниот број на пријавени кандидати само еден кандидат продолжи во втората фаза.

Со записникот од втората фаза која беше спроведена на ден 25.06.2025 во 11:00 часот се констатира дека кандидатот пролжува во третата фаза.

Третата фаза беше спроведена на ден 27.06.2025 година на која што кандидатот не се појави на проверка на веродостојноста на документите во предвидениот термин.

Комисијата констатираше дека нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Директорот на ЈПЕД Струмица-Гас Струмица одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈПЕД "Струмица-Гас"**
**Директор**
**Благој Милановиќ**

Јавно претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА-ГАС Струмица